**ЗАПИСНИК**
**од 43-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 28.12.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити,Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата е отсутен г-дин Фетаи кој навремено најавил дека на овој ден ќе присуствува на одбрана на два магистерски труда.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2017 година.
2. Предлог-годишен план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог-одлука за набавка на адвокатски услуги од адвокатско друштво/канцеларија за 2018 година.
4. Предлог-одлука за претплата на „Службен весник на Република Македонија“ за 2018 година, во печатена форма.
5. Предлог-правилник за заштита од пожари и експлозии на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека усвојувањето на предлог-записникот од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2017 година ќе се одложи од причина што седницата беше одржана пред два дена, дискусијата беше пообемна и немаше техничка можност истиот да се изработи. Предложениот записник ќе се стави на усвојување пред почетокот на наредната седница, на првото продолжение на 43-та седница.

**Точка 2**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска го образложи предлог-годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека ваков документ за потребите на Агенцијата се усвојува секоја година и неговото усвојување е поврзано со Финансискиот план на Агенцијата. Во него се опфатени сите потреби за стоки, услуги и работи за кои до овој момент има сознанија дека на Агенцијата ќе и бидат потребни во текот на 2018 година. Законот за јавни набавки дава можност тој да се дополнува во текот на годината. Во прилог на Планот е доставен и Распоред за јавни набавки по сектори од причина што за секоја јавна набавка е потребно да се изработи техничка спецификација па оттука потребно е да се има преглед кој сектор треба истата да ја изработи.

Г-дин Петрушевски рече дека има три технички забелешки. На страна 5 од материјалот под точката Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, во првата точка во десната колона забележано е дека тие пари ќе се потрошат во 2018 и 2019 година и износот е поделен на пола. Според него може да се каже дека е неточно затоа што е невозможно да се спроведе. Во таа насока предложи 2018 и 2019 година да се избришат и лево во првата колона, во заграда да стои „за 2 години". Овој предлог е од причина што очекуваниот почеток на постапката за набавката е предвидена за во септември 2018 година и знаејќи како одат набавките постои веројатност да започне во ноември 2018 и реално ќе трае до септември 2020 година односно октомври или ноември. Што значи дека оваа реченица не е точна. Истата забелешка рече дека важи и за точка 2.6 - фиксна телефонија, да стои за 3 години но другото да се избрише и за точката 2.21 – Ангажирање биро за преведување, во заграда да стои за 2 години а десно од колоната да се избришат 2018 и 2019 година, затоа што математички и хронолошки не е точен исказот и тие договори ќе важат и за 2020 година. На крајот рече дека негово генерално видување е дека самиот план претставува одраз на финансискиот план на Агенцијата кој Советот го усвои минатата седница.

Г-дин Трајчев побара објаснување за Точка 9 – Набавка на ИКТ опрема, поточно каква опрема ќе се набавува? Според него рече дека веројатно станува збор за нова набавка, односно не е набавка која континуирано се спроведува. Доколку се набавува нова опрема, праша за што ќе служи и каков е планот?

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, одговори дека со оваа ставка е предвидена набавка на сервери. Агенцијата дел од опремата за мониторинг ја обнови меѓутоа уште еден мал дел за снимање на радија, старата опрема каде што е активната мрежата, базите за податоци, тоа се треба да се смени затоа што серверите се стари веќе 10 години. Во оваа ставка е предвидена набавка на сервери и компјутери доколку се појави потреба.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5732/1 од 27.12.2017 година и со предложените измени едногласно даде одобрување за донесување Годишен план за јавни набавки во 2018 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Распоред на постапките за јавни набавки по сектори.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот Годишен план за јавни набавки во 2018 година, со Распоред на постапките за јавни набавки по сектори да ги објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи предложената одлуката за набавка на адвокатски услуги од адвокатско друштво/канцеларија за 2018 година. Објасни дека на 31.12.2017 година истекува важноста на договорот за набавка на адвокатски услуги склучен со адвокатската канцеларија „Златко Колевски". Бидејќи Агенцијата и во иднина има потреба од користење на адвокатски услуги, Секторот за правни и економско-финансиски работи до директорот на Агенцијата достави Информација со образложение дали користењето на овие услуги се покажа соодветно, дали она што беше предвидено со договорот и спецификацијата кон договорот беше исполнето од канцеларијата. Наведе дека адвокатските услуги освен секторот за правни и економско-финансиски работи ги користеше и секторот за стратешко планирање и авторски права со што и двата сектори се задоволни од пружените услугите, кои биле навремени, професионални и вклучувале постојана правна поддршка, биле достапни за консултации и совети во и вон рамките на работното време, без ограничување на бројот на работните часови и ангажирани лица. Посочи дека согласно законската регулатива нема потреба да се прибираат понуди бидејќи доделувањето на договори за адвокатските услуги не потпаѓаат под Законот за јавни набавки. Информира дека кај адвокатската канцеларија „Златко Колевски" од Скопје се наоѓаат одреден број на предмети кои по оцена на Агенцијата се од поголемо значење и веќе се започна со нивно застапување. Сето тоа е наведено во Информацијата која е доставена до Директорот, а е составен дел од материјалот за точката и Предлогот до Советот. Во врска со висината на износот објасни дека Секторот за правни и економско-финансиски работи се обрати до адвокатската канцеларија „Златко Колевски" од Скопје, со цел да се добие одговор дали доколку и во иднина продолжи соработката, вредноста на месечниот надомест за адвокатски услуги и понатаму би изнесувала 25.000,00 денари или би дошло до промени. Од адвокатската канцеларија беше добиен одговор дека доколку дојде до покана за склучување на нов договор, ќе биде понудена истата цена како и во досегашниот договор.

Г-дин Петрушевски праша дали предвидениот износ од 300.000,00 денари без ДДВ Агенцијата ќе ги исплати и ако нема услуги или пак за одреден фонд на часови или предмети?

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи д-р Андриана Скерлев Чакар одговори дека износот од 25.000,00 денари без вклучен ДДВ ќе биде исплаќан како месечен паушал и дека до сега со договорот кој беше во важност максимално се искористени тие пари. Објасни дека во информацијата се дадени примери доколку правните услуги би биле наплатено согласно Тарифата за награда и

надоместок на трошоците за работа на адвокатите, од каде може да се забележи дека достигнуваат завидни износи и истите би изнесувале повеќе од 25.000,00 денари без вклучен ДДВ, кој како месечен паушал кој би се исплаќла на адвокатската канцеларија.

Г-дин Трајчев рече дека во предложениот Дневен ред има точка со наслов „Предлог-одлука за набавка на адвокатски услуги од адвокатско друштво/канцеларија за 2018 година". Генерално надлежност на Советот е да утврди потреба за да се донесе одредена одлука односно да се спроведе одредена постапка. Во доставените материјали до Советот има одлука за конкретна адвокатска канцеларија. Го праша г-дин Петрушевски дали Советот ќе гласа за утврдување на потреба од адвокатски услуги или ќе гласа за нешто конкретно?

Г-дин Петрушевски рече дека според него ова го толкува како транспарентност, дека Советот гласа за тоа што го пишува, инаку зошто би се преправале и би гласале дека тоа е набавка?

Г-дин Трајчев рече дека прашањето го поставил затоа што нема усогласеност со дневниот ред и одлуката. Во Дневниот ред како што е поставен насловот на точката има општа одлука а во материјалот кој што е доставен има одлука за конкретен субјект?

Г-дин Трајчевски рече дека во принцип во Дневниот ред и кога се одземаат дозволи не се пишува името се пишува радиодифузер. Ако се направи аналогија со набавките од мала вредност и тамо нема наслов, но во материјалите има понуди и одлука со тоа што Советот дава одобрување директорот да го потпише договорот. Согласно Законот нема потреба Советот да биде информиран може Агенцијата да го потпише договорот, меѓутоа заради транспарентност се доставува до Советот. Износот е ист како и претходниот пат кога Советот гласаше за адвокатски услуги за период од 6 месеци.

Г-дин Петрушевски рече дека во предлогот до Советот транспарентно е наведено за која фирма станува збор, Советот одобрувањето за одлуката го дава за фирмата која е наведена за адвокатски услуги.

Г-дин Фиданоски рече дека ја прочитал информацијата од Стручната служба. Смета дека е исцрпна, објаснета во детали и дава една јасна слика за тоа колку била неопходна ангажираноста на надворешна правна помош, не навлегувајќи во сите други детали кои што се убаво објаснети во информацијата. Потенцира дека еден момент според кој има значење во иднина да се ангажира адвокатската канцеларија е моментот на објективно толкување на некои работи кои што се неопходни за Агенцијата за кои што претпоставува, не сака никој поинаку да го сфати, заради тоа што се вклучени внатре во процесот честопати субјективно некогаш некои работи да се толкуваат. Од тие причини смета дека ако ништо друго, иако во информацијата има многу добро објаснето во колку се предмети се вклучени и колку предмети се во тек, има потреба од ваков ангажман за надворешна правна помош, правна соработка и од тие причини без дилема се согласува и јавно го поддржува продолжувањето на договорот.

Г-дин Петрушевски рече дека Стручната служба ги работи сите одлуки и предмети, директорот е тука проверува и потпишува, Советот проверува, гласа за дел од одлуките. Набавката на адвокатските услуги е уште еден субјект кој што помага да бидат сигурни во одлуките. Предвидениот износ кога ќе се подели на 12 месеци е во ред и истиот не може да биде повисок од тој што е напишан во одлуката. На Стручната служба и порача максимум колку што е законски дозволено да ги искористи услугите и рече дека ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-5676/2 од 27.12.2017 година и едногласно даде одобрување за донесување Одлука за одобрување финансиски средства, во износ од 300.000,00 денари (без вклучен ДДВ), за набавка на адвокатски услуги од Адвокатската канцеларија „Златко Колевски" од Скопје, за 2018 година, со текст како што беше предложена.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со адвокатската канцеларија „Златко Колевски" од Скопје ќе склучи договор со кој ќе се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни.

Средствата за набавка на адвокатски услуги за 2018 година се предвидени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година бр.05-5721/1 од 26.12.2017 година.

**Точка 4**

Советот ја разгледа Предлог-одлуката за претплата на „Службен весник на Република Македонија" за 2018 година, во печатена форма.

Г-дин Петрушевски објасни дека станува збор за набавка од мала вредност со износ од 10.100,00 денари, набавка која за потребите на Агенцијата се спроведува неколку години наназад.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5531/3 од 26.12.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за претплата на "Службен весник на Република Македонија", за 2018 година, во печатена форма, 1 (еден) примерок, за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година, во вкупен износ од 10.100,00 денари, со пресметан ДДВ, со текст како беше предложена.

Горенаведениот износ на средствата за претплата на "Службен весник на Република Македонија", за 2018 година, во печатена форма се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.

**Точка 5**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска го образложи предлог-правилникот за заштита од пожари и експлозии на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека Агенцијата има законска обврска да донесе ваков правилник и истиот е изработен од фирмата Друштво за проектирање, контрола и услуги Техноинспект ДОО Скопје, врз основа на материјал кој беше разгледуван на седница и Одлука од директорот. Откако ќе се донесе треба да се достави до Дирекцијата за заштита и спасување на РМ – Подрачно одделение за заштита и спасување – Центар, каде веќе е започната постапка за да се добие позитивно мислење за процена од загрозеност од природни непогоди и други несреќи.

Г-дин Јанчески во врска со Правилникот рече дека погледнувајќи го забележал над 100-тина граматички грешки и истиот отстапува од стандардите. Забелешките се во врска со местоположбата на запирки, загради, празни места и предложи едно елементарно уредување на документот за да ги задоволи стандардите. Апелираше некој да го погледне и да го коригира онаму каде е потребно.

Г-дин Петрушевски ја праша раководителката Цветанка Митревска дали има рок за доставување на Правилникот, за да би се одложи за наредна година?

Г-дин Јанчески рече дека ќе помогне во корекциите:

- запирката се запишува после последниот збор непосредно до него,
- после запирката има празно место,
- пред заградата лева има празно место, после заградата лева нема празно место,
- пред заградата десна нема празно место, после заградата десна ако нема запирка има празно место.

Г-дин Јанчески објасни дека ова техничко уредување е едноставно и тој што владее со уредување на текст може да го направи за половина час.

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска одговори дека и таа исто така ги забележала техничките грешки, но овој Правилник не е изработен од Агенцијата туку од фирма која е стручна за безбедност и здравје при работа.

Г-дин Јанчески рече дека сепак овој документ останува како Правилник на Агенцијата и затоа реагира.

Г-дин Трајчев праша дали корекциите се само за запирки и празни места или ќе има суштинска промена на зборови? Доколку има суштински промени тогаш треба да се почека со усвојување.

Г-дин Јанчески рече дека зборовите не се менуваат туку само оние технички забелешки кои ги кажал и тие ништо нема да сменат во однос на суштината на текстот.

Г-дин Петрушевски рече дека ја прифаќа забелешката на г-дин Јанчески и предложи предложениот правилник да се изгласа со една забелешка во заклучокот за техничко уредување на текстот без промена на содржината.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-5727/1 од 27.12.2017 година и едногласно го усвои Правилникот за заштита од пожари и експлозии на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со техничко уредување на текстот без промена на содржината.

Наведениот правилник по усвојувањето да се поднесе до Дирекцијата за заштита и спасување на РМ – Подрачно одделение за заштита и спасување - Центар со цел добивање позитивно мислење за процена од загрозеност од природни непогоди и други несреќи.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

**Разно.**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-319/1**
**11-01-2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**